# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 50 став (9) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10, 53/11 и 55/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЈАЈЦАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПАЗАР И ЈАЈЦАТА НАМЕНЕТИ ЗА ИНКУБАЦИЈА, ОЗНАКИТЕ И УПОТРЕБАТА НА ОЗНАКИТЕ

### Член 1

Во Правилникот за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/11) во членот 2, ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Првата ознака на производниот код од став (1) на овој член се однесува на начинот на одгледување, следните три ознаки ја означуваат земјата на потекло, наредните четири ознаки се однесуваат на одобрениот број доделен од Агенцијата за храна и ветеринарство за сортирање и пакување на конзумни јајца, а последните четири броеви се регистерскиот број на одгледувалиштето."

### Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2013 година.

Бр. 11-14826/1 | Министер за земјоделство,

7 јуни 2013 година | шумарство и водостопанство,

Скопје | Љупчо Димовски, с.р.